# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Водовод и канализација Прилеп е посветено на заштитата на приватноста и интегритетот на личните податоци кои се собираат и обработуваат преку корисничкиот профил за преглед и плаќање на сметки достапен и на следниот линк: https://www.vik-prilep.mk/. Целта на овој акт наречен Политика на приватност е да ги информираме сите корисници на нашата веб страна за сите лични податоци кои ги прибираме и обработуваме, како и чекорите кои ги преземаме за нивна заштита.

Ве молиме внимателно прочитајте ја оваа Политика на приватност. Вашето користење и/или регистрација на кој било дел од веб страницата значи прифаќање на оваа Политика на приватност. Доколку не се сложувате со условите во оваа Политика на приватност, Ве молиме не користете ја веб страницата.

Политиката на приватност е составена и се води согласно прописите за заштита на лични податоци на Република Македонија, пред се Законот за заштита на личните податоци и Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита при обработката на личните податоци, интерните акти на претпријатието и добрите светски практики.

## Како и кои видови на лични податоци се собираат?

Веб страницата https://www.vik-prilep.mk/собира лични податоци при:

- регистрација на корисничкиот дел преку https://www.vik-prilep.mk/Register.aspx
- користење на електронските услуги/ пополнување на контакт формите

При пополнување на горе-наведените форми, од Ваша страна се внесуваат,а од наша страна се обработуваат следните лични податоци:

- Корисничко име/лозинка (Лозинката не може да ја види никој)
- E-mail

## За што се користат вашите лични податоци?

Собраните лични податоци се користат за да:

- Се креира Вашиот електронски профил како Вие би ги ползувале сите наши понудени опции
- Ви доставиме известување за успешна трансакција, доколку плаќате електронски
- Одговориме на поквалитетен и посоодветен начин на Вашите барања и потреби.

Обработка на вашите лични информации

Корисничките лични идентификациски информации НЕ се продаваат, разменуваат или изнајмуваат на трети лица. Личните податоци може да се откријат само во согласност со законските прописи наведени во регулативата за заштитата на личните податоци, како и другата важечка регулатива.

Пристап до личните податоци може да има и компанијата која е ангажирана од ВИК-Прилеп за одржување и надградување на веб страницата, која согласно договорот мора да применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци.

Не се собираат никакви информации од финансиска природа како број на картичка и/или број на банкарска сметка. Вашата трансакција ќе биде процесуирана преку системот за напл ата од кредитни картички на УНИБАНКА АД СКОПЈЕ. Системот користи најнова технологија за заштита на личните податоци и притоа овозможува испраќање на бројот на вашата картичка директно до банката преку сигурна конекција.

Вашите лични податоци ќе бидат чувани не подолго од што е потребно за да се исполнат целите поради кои податоците се собрани, по што истите ќе бидат избришани од нашиот систем.

## Промени на Политиката на приватност

Оваа Политика на приватност може повремено да се менува. Датумот на најскорешните промени ќе се појавува на оваа страница, затоа правете чести проверки. Вашиот континуиран пристап на веб страница ќе значи дека ги прифаќате сите измени на Политиката на приватност.

## Прифаќање на условите

Со користење на оваа страница, корисникот се согласува со одредбите од политиката за приватност на личните податоци на страницата. Доколку не се согласувате со политиката, Ве

молиме не користете ја нашата страница. Вашето континуирано користење на страницата следејќи ги промените на оваа политика ќе се смета за Ваше прифаќање на дадените промени.

## Контактирајте нè

Доколку имате прашања во врска со Политиката за приватност на личните податоци на Страната, практиките или комуникацијата со Страната, Ве молиме контактирајте нè на:

E-mail: webnaplata@vik-prilep.mk

ВИК-Прилеп

Адреса: ул. Александар Македонски 559, 7500 Прилеп